# ЗАПИСНИК

*од Десеттата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на* ***15.12.2009 година**, **11.00 часот***
*Уставна сала, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 11.05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа Н.Е. г. Ерван Фуере, Специјален претставник на Европската унија и Шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, Н.Е. г. Ларс Петер Фреден, Амбасадор на Кралството Шведска во Република Македонија, Н.Е. г. Јозеф Браун, Амбасадор на Чешката Република во Република Македонија, г. Васко Наумовски, заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за евроинтеграции, г. Зоран Петров, заменик министер за надворешни работи, членовите на Националниот совет за евроинтеграции, претставници на синдикатите, верските заедници, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

За седницата беше предложен следниов:

**Дневен ред:**

- *Усвојување на записникот од Шестата седница одржана на 2 јуни 2009 година*
- *Усвојување на записникот од Осмата седница одржана на 17 септември 2009 година*
- *Усвојување на записникот од Деветтата седница одржана на 22 октомври 2009 година*

1. Европската интеграција на Република Македонија по заклучоците на Советот на Европската унија од 8 декември 2009 година
2. Усвојување на предлог-заклучоците од јавната расправа по Предлог- Законот за бесплатна правна помош, одржана на 14 јули 2009 година.
3. Усвојување за предлог-заклучоците од јавната расправа по работната верзија на Законот за кривична постапка и Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, одржана на 22 јули 2009 година.

4. Усвојување на предлог-заклучоците од јавната расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси, одржана на 31 јули 2009 година.

5. Усвојување на предлог-заклучоците од јавната расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници, одржана на 27 август 2009 година.

6. Усвојување на предлог-заклучоците од јавната расправа по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, одржана на 4 септември 2009 година.

7. Усвојување на предлог-заклучоците од јавната расправа по „Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија", одржана на 26 ноември 2009 година.

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

**ТОЧКА 1:** Европската интеграција на Република Македонија по заклучоците на Советот на Европската унија од 8 декември 2009 година.

Воведно излагање по оваа точка имаше Н.Е. г. Ерван Фуере, Специјален претставник на Европската унија и Шеф на Делегацијата на Европската унија во Република Македонија, како и Н.Е. г. Ларс Петер Фреден, Амбасадор на Кралството Шведска во Република Македонија.

На седницата свои дискусии имаа г-ѓа Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции, г. Васко Наумовски, заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за евроинтеграции, г. Тито Петковски, член на советот, г. Димитар Мирчев, претставник од Кабинетот на Претседателот на Република Македонија, г. Зоран Петров, заменик министер за надворешни работи, г-ѓа Силвана Бонева потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции, г. Кенан Хасипи, г. Александар Николовски, г. Александар Спасеновски, членови на Советот и г. Скендер Бузаку, секретар на муфтиство на Исламската верска заедница и претставник на Советот кои ги изнесоа своите согледувања и укажувања по однос на заклучоците на Советот на Европската унија за европската интеграција на Република Македонија.

Националниот совет за евроинтеграции ги усвои записниците од Шесттата седница, одржана на 02 јуни 2009 година, од Осмата седница, одржана на 17 септември 2009 година и од Деветтата седница, одржана на 22 октомври 2009 година.

На седницата Советот ги усвои заклучоците од јавната расправа по Предлог-Законот за бесплатна правна помош, одржана на 14 јули 2009 година, заклучоците од јавната расправа по работната верзија на Законот за кривична постапка и Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик, одржана на 22 јули 2009 година, заклучоците од јавната расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување судир на интереси, одржана на 31 јули 2009 година, заклучоците од јавната расправа по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за државни службеници, одржана на 27 август 2009 година, заклучоците од јавната расправа по Предлог на законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи, одржана на 4 септември 2009 година, заклучоците од јавната расправа по „Политиките за унапредување на животната средина во Република Македонија", одржана на 26 ноември 2009 година.

Советот заврши со работа во 13.50 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки од Десеттата седница на Советот и списокот на присутни членови и претставници.

30-5186/5
31.12.2009

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОРОТ ЗА ПОДДРШКА НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Даниела Велковска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Собрание на Република Македонија
СКОПЈЕ

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**